36605

Нова Македонија, Скопје, 15094, 11 1.II.1989

Меѓународно графично биенале на Индија

НАГРАДА ЗА ДИМЧЕ НИКОЛОВ

Пред почнувањето на изложбата на Меѓународното биенале за графика на Индија во Харам Харат, кое е закажано за 15 февруари, графичарот од Скопје Димче Николов, професор по графика на Факултетот за ликовни уметности, од страна на организаторот на оваа манифестација деновиве е известен дека е добитник на почесна награда, која, покрај официјалните награди, мошне ретко се доделува.

Николов наградата ја доби за три графики од својата најнова продукција работени во техниката етканица и акватинта. На оваа ликовна манифестација, која ќе биде отворена до април, Николов учествуваше по покана. С. Ѓ.